**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
***Број 0811 – 316/4***
***Скопје 13 – 04 - 2009 година***

**ДО**
**ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавното обвинителство на Република Македонија, единствена годишна буџетска пресметка - консолидирана завршна сметка (составена од поединечните годишни сметки на Јавното обвинителство на Република Македонија, вишите и основните јавни обвинителства), кои се прикажани на страните 8 и 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија на финансиските извештаи на Јавното обвинителство на Република Македонија за 2006 година како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

   - ✓ Љупчо Шврговски – Јавен обвинител на Република Македонија.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 12/01/2009 до 11/02/2009 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - ✓ дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - ✓ дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на завршна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на единствената годишна буџетска пресметка на Јавното обви нителство на Република Македонија за 2007 година (консолидирана завршна сметка) беа опфатени поединечните пресметки на Јавното обвинителство на Република Македонија, вишите јавни обвинителства во Скопје и Битола и основните јавни обвинителства во Скопје, Битола и Прилеп, при што ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. За извршување на задачите и надлежностите предвидени во Законот за јавно обвинителство, Јавното обвинителство на Република Македонија има донесено Правилник за организација и систематизација на работите и задачите во Јавното обвинителство на Република Македонија, според кој за потребите од областа на финансиско - сметководствените работи се систематизирани 34 работни места, при што со ревизијата е констатирано дека од систематизираните работни места пополнети се само 4 работни места.

Покрај недоволно пополнетите работни места, ревизијата констатира:

- Во 14 јавни обвинителства сметководствените задачи ги извршуваат лица вработени како уписничари, архивари или благајници;
- Во 8 јавни обвинителства сметководството го вршат надворешни лица;
- Во поголемиот дел на јавни обвинителства едно исто лице врши повеќе истородни задачи (сметководствени и благајнички работи, вршење на попис и јавни набавки), поради што не е можно да се воспостави разграничување на функциите и контрола во извршување на истите;
- Јавното обвинителство на Република Македонија, во својот акт за организација и систематизација, нема предвидено работни места и нема назначено одговорно лице за извршување на ex – ante и ex poste финансиски контроли кои обезбедуваат соодветни поделби на должностите и воспоставување систем на интерни контроли, согласно одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- Во ниту едно јавно обвинителство не е назначен одговорен сметководител што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Недоволното и несоодветното пополнување на работното место - сметководител и другите места предвидени со интерниот акт, може да придонесе до неуредно, неблаговремено и неажурно сметководство, кое доведува до изготвување на нецелосна и неажурна сметководствена евиденција, до нереално искажување на билансните позиции во финансиските извештаи и можност за ненаменско и незаконско користење на буџетските средства.

**Препорака:**

Јавниот обвинител на Република Македонија да преземе мерки за имплементација на Правилникот за организација и систематизација на работите и задачите во Јавното обвинителство на Република Македонија, пред се во областа на финансиско - сметководствените работи, со вработување на стручен и обучен кадар, со цел навремено и квалитетно извршување на работните задачи, и воспоставување на систем на интерни контроли.

10.1.2. Ревизијата констатира дека не се применува Упатството за начинот на вршење набавки од страна на основните и вишите јавни обвинителства, донесено од Јавниот обвинител на Република Македонија од причина што:

- Во најголем број случаи основните и вишите јавни обвинителства не доставуваат барања за набавки на канцелариски материјали и опрема заради обезбедување согласност од страна Јавното обвинителство на Република Македонија,
- За извршените набавки основните и вишите јавни обвинителства не доставуваат фактури и друг вид документација како доказ за извршената набавка, ниту потврда од одговорните лица од јавните обвинителства за времето и оправданоста на направениот трошок.

Непочитувањето на одредбите од наведеното упатство доведува до користење на буџетските средства без спроведување на пропишаната контролна постапка и процедура.

**Препорака:**

Одговорните лица во основните и вишите јавни обвинителства да ги применуваат одредбите од Упатството за извршување на материјални трошоци и набавки и да ги имплементираат контролните постапки и процедури.

### 10.2. Неправилна примена на сметководствените политики и начела

Со увид во поединечните финансиски извештаи и во консолидираната завршна сметка, ревизијата констатира:

- За консолидираната завршна сметка не е презентиран збирен заклучен лист, документ кој е неопходен за изготвување на финансиските извештаи и документ кој претставува доказ за реалното и објективно искажување на билансните позиции во финансиските извештаи;
- Не постои усогласена состојба меѓу заклучните листови и поединечните финансиски извештаи на основните јавни обвинителства во Прилеп, Ресен и Делчево;
- Не се презентирани завршни сметки за основното јавно обвинителство во Гостивар и Радовиш.

Констатираната состојба е спротивна на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и не обезбедува разумна основа за точноста и реалноста на податоците искажани во единствената буџетска пресметка на Јавното обвинителство на Република Македонија за 2007 година.

Причина за констатираната состојба е недостатокот на стручен и обучен кадар, кој би одговорил на работните задачи поврзани со финансиското работење и сметководственото евидентирање и разликите во начинот на сметководствено евидентирање меѓу јавните обвинителства, како и непоседување на единствен електронски софтвер за евидентирање на сметководствените трансакции, со можност за секојдневно централизирано следење на настанатите трансакции.

Неусогласеноста помеѓу единствената буџетска пресметка и поединечните пресметки на јавните обвинителства, како и недостатокот на поединечните пресметки доведува до нереално и необјективно искажување на финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одговорното лице да воспостави единствен електронски систем за сметководствено евидентирање на сметководствените трансакции, со што би се овозможило директен пристап на Јавното обвинителство на Република Македонија до базата на податоци на сите виши и основни јавни обвинителства, како основа за изготвување на единствена пресметка.

## 10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

Во 1997 година склучен е договор за тековно одржување помеѓу основното јавно обвинителство Скопје и претпријатието СИН - АГ Сојуз на синдикатите на Македонија ДООЕЛ Скопје, во кој е предвидено основното јавно обвинителство Скопје како корисник на деловните простории изнајмени од Сојузот на синдикатите на Македонија да ги користи услугите на наведената фирма во однос на одржување на просториите и користење на грејните системи и други комунални услуги. Месечниот надоместок е пресметан и фактуриран врз основа на утврдена цена по метар квадрат, а не врз основа на вредноста искажана во фактурите за струја, вода, греење, одржување на лифтови, физичко обезбедување, одржување на хигиена и користење на паркинг просторот. Вкупно исплатените средства по овој основ за 2007 година изнесуваат 4.927 илјади денари.
Договорот е склучен без претходно изготвена анализа и пресметка од која би се утврдила оправданоста на истиот. Склучувањето на договор за тековно одржување, врз основа на фиксен а не фактуриран износ за реално направените расходи, може да доведе до неосновано ненаменско и нереално трошење на средствата за тековно одржување.

**Препорака:**

Одговорните лица во Јавното обвинителство на Република Македонија да изготват анализа во која ќе бидат споредени вистински направените расходи по основ на фактурите за тековно одржување и комуналните услуги, со обврските што се дефинирани во предметниот договор.

## 10.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојбата

10.4.1. По извршената ревизија на позицијата Постојани средства констатирани се следните неправилности:

- Во сметководствената евиденција на Јавното обвинителство на Република Македонија не е евидентирана опрема (канцелариски мебел, електронски сметачи, принтери, килими и друга опрема) во вкупен износ од 55.095 УСД или 2.455 илјади денари во денарска противвредност и на истите не е пресметана

амортизација за 2007 година. Оваа опрема е добиена од Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) и ДПК Консалтинг како контрактор за имплементација на Проектот за модернизација на судството во Република Македонија, за што е склучен договор за пренос на сопственоста и документ за прифаќање пренос на сопственост од август 2007 година;

- Во сметководствената евиденција на Јавното обвинителство на Република Македонија не се евидентирани едно возило Fiat Doblo Family и три возила Fiat G.Punto Active набавени во ноември 2007 година во вкупен износ од 2.065 илјади денари и за истите не е пресметана амортизација за еден месец во 2007 година;
- Во сметководствената евиденција на основното јавно обвинителство во Скопје не се воведени во евиденција и не е пресметана амортизација за две возила: Daewoo Racer добиени со Одлука за отстапување без надоместок донесена од Управниот одбор на Агенцијата на Република Македонија за приватизација во ноември 2004 година и Krajsler Stratus LX добиено од Министерството за внатрешни работи со Одлука на Владата на Република Македонија за пренесување на правото на користење на моторното возило во септември 2003 година;
- Сегашната вредност на опремата искажана во Билансот на состојба на ден 31.12.2007 во поединечната пресметка на Јавното обвинителство на Република Македонија изнесува 5.681 илјади денари и истата е за 1.151 илјади денари поголема од сегашна вредност на опремата искажана во пописните листи (4.530 илјади денари). Имено, поради погрешно спроведени сметководствени книжења, искажаните состојби во Билансот на состојба во однос на податоците искажани во пописните листи се помали и тоа : набавната вредност на опремата за 1.414 илјади денари и акумулираната амортизација во 2007 година за 2.565 илјади денари.

Констатираните неправилности се спротивни на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.
Нецелосната евиденција на средствата, нереалната проценка на набавната вредност и амортизацијата на истите, влијаат на нереално и необјективно искажување на состојбата на постојаните средства во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одговорните лица да преземат мерки за целосно евидентирање на постојаните средства и утврдување на нивната реалната вредност согласно законските прописи.

10.4.2. Во Јавното обвинителство на Република Македонија и вишото јавно обвинителство Скопје не е воспоставена сметководствена евиденција на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар, поткрепени со соодветни документи за прием и издавање на истите, што е спротивно на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.
Невоспоставената сметководствена евиденција за залихи овозможува нереално и необјективно искажување на финансискиот извештај – Биланс на состојба.

Во основното јавно обвинителство Скопје воспоставена е сметководствена евиденција на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар, но во образецот Биланс на состојба на ден 31.12.2007 година не е искажано вредносното усогласување на истата, поради што активата и пасивата се зголемени за 1.490 илјади денари. На ист начин повеќе се искажани активата и пасивата и во 2006 година за 1.489 илјади денари.

**Препорака:**

Одговорното лице да воспостави сметководствена политика за начинот на евидентирање и искажување на залихите во сметководствената евиденција согласно законската регулатива.

**10.5. Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

При увидот во спроведувањето на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки и тоа:

- Во јавните обвинителства (со исклучок на вишото јавно обвинителство во Битола) не се води регистар на постапки за јавни набавки, во кои се внесуваат сите податоци поврзани со јавните набавки;
- Набавката на канцелариски материјали и ситен инвентар во Јавното обвинителство на Република Македонија и основното јавно обвинителство во Скопје, извршената услуга за укоричување и набавка на папки во Вишото јавно обвинителство во Скопје и набавката на тонери во основното јавно обвинителство во Скопје во вкупен износ од 957 илјади денари се извршени со постапки за јавна набавка од мала вредност, иако според поединечните вредности на набавките и услугите требало да се спроведе постапка со отворен повик;
- Во најголем број набавки за кои се спроведени постапки за јавни набавки од мала вредност недостасува проценка-евалуација на доставените понуди изготвена од комисијата за јавни набавки, а во голем број случаи во доставените понуди, понудувачите се изјасниле само за критериумот цена, но не и за другите критериуми (квалитет, начин на плаќање, време на достава), но сепак биле земени во евалуацијата за избор од страна на комисијата за јавни набавки.

Неспроведувањето на постапките за јавни набавки согласно законските прописи создаваат можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен понудувач, нетранспарентност при склучување на договорите, привилегирана положба на одредени добавувачи и можност за набавка по зголемени цени, што условува зголемени трошоци и дополнително оптоварување на Буџетот на Јавното обвинителство на Република Македонија.

**Препорака:**

Одговорното лице на субјектот да преземе соодветни мерки за доследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки и интерните акти со што ќе се обезбеди фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата на ден 31.12.2007 година во вкупен износ од 1.879 илјади денари.

12. Според наше мислење, заради наодите наведени во точките 10.1.2., 10.2., 10.3. и 10.4., финансиските извештаи невистинито и необјективно ја искажуваат финансиската состојба на Јавното обвинителство на Република Македонија за 2007 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2007 година.

13. Според наше мислење, освен наодите во точката 10.5., остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои претставуваат државни расходи.

14. Во врска со преземените мерки по препораките во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на консолидираната завршна сметка за 2004 година на Јавното обвинителство на Република Македонија, ревизијата утврди дека освен назначување на внатрешен ревизор согласно Законот за внатрешна ревизија и изготвување на интерен акт за начинот на вршењето на набавки од мала вредност, по сите други препораки од страна на одговорните лица не се преземени мерки.

**15. Обелоденување**

Ревизијата смета дека е потребно да се обелодени постоењето на два стана во Охрид на улица „Димитар Влахов" бр.50, за кои не е утврден сопственичкиот статус. Имено, согласно склучената спогодба од 30.03.1976 година, Јавното обвинителство на Република Македонија овие станови ги отстапила на стопанисување на поранешниот СИЗ за становање. Во 2007 година од сметката на Јавното обвинителство на Република Македонија – наплата на приходи од органи, исплатени се 7 илјади денари на име трошоци за потрошена електрична енергија за овие станови. Јавното обвинителство на Република Македонија нема обезбедено доказ за сопственост на становите - имотен лист, а одговорното лице во Јавното обвинителство на Република Македонија укажа на постоење на судски спор со ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, како правен наследник на поранешниот СИЗ за становање во однос на сопственоста на становите.
Ова прашање било разгледувано и од ревизорскиот тим при вршењето на финансиската ревизија на косолидираната завршна сметка за 2004 година. До периодот на вршење на ревизијата на финансиските извештаи на консолидираната завршна сметка за 2007 година, од страна на одговорните лица во Јавното обвинителство на Република Македонија не се преземени мерки за утврдување на сопственичкиот статус на овие станови.

Скопје, 10/04/2009 година



***Овластен државен ревизор***

__________________________

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| **Трансфери и донации** | | |
| Трансфери од други нивоа на власт | 244,635 | 232,751 |
| **Вкупно приходи** | **244,635** | **232,751** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 216,496 | 207,845 |
| Резерви и недефинирани расходи | 45 | 45 |
| Стоки и услуги | 26,130 | 24,585 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | 4 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 969 | 105 |
| **Вкупно тековни расходи** | **243,644** | **232,580** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 991 | 171 |
| **Вкупно капитални расходи** | **991** | **171** |
| **Вкупно расходи** | **244,635** | **232,751** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31. ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Краткорочни финансиски побарувања | 0 | 2 |
| Активни временски разграничувања | 18,393 | 16,067 |
| Материјали, резервни делови и ситен инвентар | 2,043 | 1,951 |
| **Вкупно тековни средства** | **20,436** | **18,020** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 29,774 | 35,131 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 1 | 1 |
| **Вкупно постојани средства** | **29,775** | **35,132** |
| **Вкупна актива** | **50,211** | **53,152** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 566 | 502 |
| Краткорочни финансиски обврски | 39 | 27 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 17,799 | 15,540 |
| **Вкупно тековни обврски** | **18,404** | **16,069** |
| **Долгорочни обврски** | **10** | **10** |
| **Извори на деловни средства** | | |
| Извори на деловни средства | 31,796 | 37,072 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **31,796** | **37,072** |
| **Извори на други средства** | **1** | **1** |
| **Вкупна пасива** | **50,211** | **53,152** |